Број: 11 - 4910/1
Датум: 19.05.2025
Скопје

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 10; член 62 и член 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/2024), член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Советот на Општина Карпош донесе Одлука за давање согласност за користење на сала повеќенаменска – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче" – Партизан Скопје бр.09-4607/15 од 15.05.2025 година (Сл. Гласник на Општина Карпош бр. 06/2025), на 65. седница, одржана на 15 мај 2025 година Комисија за спроведување на постапка за користење на Сала повеќенаменска – дел од спортската сала и Мала сала – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче" – Партизан, Скопје објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК
## за користење на Сала повеќенаменска – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче" – Партизан, Скопје

1. **Назив и адреса на органот**

Општина Карпош ул. Радика бр.9

2. **Местоположба на објектот за спорт**

Се дава согласност за користење на Сала повеќенаменска – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче" – Партизан, Скопје, опишана во Имотен лист бр.78806, КО Карпош:

- Број на катастарска парцела, основен 1227, дел 1
- Адреса: ул. „Љубљанска" (позади Трговски центар Скопје Сити Мол)
- Број на зграда 1
- Намена на зграда Б6-2
- Влез 1
- Кат Приземје
- Број 1
- Намена на посебен/заеднички дел од зграда П
- Број на внатрешна површина во м2, 580
- Сопственост: Со Одлука донесена од Влада на РСМ за давање на трајно користење без надомест на Општина Карпош бр.45-7463/2 од 10.12.2019 година.

3. **Намена на објектот**

Корисникот има право да го користи објектот, во точно утврдените (бараните) термини и само за извршување на дејностите за кои што е наменет објектот (спортски игри: кошарка, фудбал, одбојка и ракомет).

4. **Термини за издавање и времетраење**

Термините се распоредени од понеделник до сабота, со почеток од 08.00 часот до

23.00 часот и се користи по 75 минути (еден термин). Недела и државни празници се неработни денови.

**5. Висина на надоместок на термините**

Висината на надоместокот за користење на Сала повеќенаменска – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје, за времетраење од 75 минути (еден термин) изнесува:

1) 08.00-09.15 часот - 1.300,00 денари
2) 09.15-10.30 часот - 1.300,00 денари
3) 10.30-11.45 часот - 1.300,00 денари

4) 11.45-13.00 часот - 1.500,00 денари
5) 13.00-14.15 часот - 1.500,00 денари
6) 14.45-15.30 часот - 1.500,00 денари

7) 15.30-16.45 часот - 2.000,00 денари
8) 16.45-18.00 часот - 2.000,00 денари
9) 18.00-19.15 часот - 2.000,00 денари

10) 19.15-20.30 часот - 2.400,00 денари
11) 20.30-21.45 часот - 2.400,00 денари
12) 21.45-23.00 часот - 2.400,00 денари

**6. Време на издавање**

Термините се доделуваат во времетраење од една година, од денот на потпишување на договорот за користење. Трошоците за нотарска заверка на Договорот склучен со барател на овој Јавен повик ги сноси Корисникот.

**7. Право на учество**

На јавниот повик ќе може да учествуваат сите заинтересирани спортски клубови регистрирани со седиште на подрачјето на општина Карпош и физички и правни лица од Општина Карпош. Приоритет ќе имаат спортски клубови регистрирани на територија на Општина Карпош и жители на Општина Карпош.

**8. Потребни документи**

За спортски клубови:
- Потврда дека спортскиот клуб е регистриран на територија на Општина Карпош,
- ранг на натпреварување и возрасна категорија (потврда од матичната Национална спортска федерација)
- телефон за контакт и е-маил адреса.

Физички лица:
- Име и презиме и адреса;
- документ за идентификација;
- телефон за контакт и е-маил адреса

Правни лица:
- Назив, седиште и единствен даночен број;

- телефон за контакт и е-маил адреса.

**9. Критериум за избор**

Термините првенствено ќе се доделат на спортски клубови регистрирани во Општина Карпош и жители на Општина Карпош. Доколку барањето за ист термин биде поднесено од два или повеќе субјекти, приоритет ќе имат спортските клубови од највисок ранг од сениорска конкуренција до пониските степени на натпреварување до помладите возрасни категории. Доколку клубовите се од ист ранг на натпреварување, предност ќе има оној клуб кој прв поднел барање. Преостанатите слободни термини ќе се доделат на жители на Општина Карпош, а потоа и на останати граѓани кои не се жители на Општина Карпош.

**10. Рок за поднесување на барање и начин на пријавување**

Јавниот повик ќе биде отворен се до пополнување на термините. Барањето за јавниот повик со потребната документација во затворен плик се доставува до архивата на Општина Карпош барака бр.2 или по пошта на ул. Радика бр.9 - Скопје со ознака „Не отворај“ и со назнака „Јавен повик за користење на Сала повеќенаменска – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје“, од денот на објавување на јавниот повик на веб страната на Општина Карпош. Секој работен ден од понеделник до петок од 07.30 часот до 15.30 часот.

Начинот на спроведување на постапката, критериумите за учество и содржината на понудата ќе бидат дефинирани во правилникот за користење на сала повеќенаменска – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје

**ОПШТИНА КАРПОШ**
Комисија
за користење на Сала повеќенаменска - дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ - Партизан, Скопје